# ПРИЈАТЕЛ



## за сите времиња!

Тој беше суперѕвезда на 20 век – човек со несфатлив оптимизам и неверојатна верба во она што го правеше. Светот го препозна како еден од најпознатите, ако не и најпознат комичар на сите времиња. Со право беше наречен икона на филмот и пионер на кинематографијата. Неговото име беше Чарлс Спенсер Чаплин, а на јавноста ѝ беше познат како Чарли Чаплин. Живееше 88 години и, покрај сѐ друго, ни остави четири впечатливи изјави што и денес се паметат:





„Ништо не е вечно во овој свет, дури ни нашите проблеми".

„Изгубен е денот во кој не сме се смееле".

„Сакам да шетам по дождот, затоа што тогаш никој не може да ги види моите солзи".

„Шесте најголеми лекари во светот се: сонцето, одморот, вежбањето, правилната исхрана, самопочитувањето и ПРИЈАТЕЛИТЕ!"

Позитивното влијание на пријателите, според Чарли Чаплин — но и според универзалното човечко искуство — со право може да се нарече **еликсир за нашето телесно и душевно здравје**!

## 1. ЗОШТО НИ СЕ ПОТРЕБНИ ПРИЈАТЕЛИТЕ?

Затоа што сме друштвени суштества. Создадени сме да живееме во заедница со другите луѓе. Англиканскиот свештеник Дон Џон еднаш ре-

кол: *„Никој не е остров сам за себе.“* Изолираноста не нè прави среќни – а периодот на корона-пандемијата тоа јасно го потврди. Имаме насушна потреба од луѓе кои ќе бидат наши вистински пријатели. Во друштвото на пријателите се опуштаме, се забавуваме, ги делиме и доброто и злото, се чувствуваме сакани, но и самите даваме и примаме љубов.

Најпознатата скопјанка, хуманист со светски глас и единствената Нобеловка од Македонија, Мајка Тереза, ќе каже: *„Најголемата болест на денешницата не е лепрата ниту туберкулозата, туку да се биде непосакуван, никој да не те сака и никој да не се грижи за тебе.“*



Со други зборови – да немаш пријател!

Ќе повторам: пријателите се наша насушна потреба. Додека комуницираме со нив, ние ги тренираме нашите когнитивни способности како што се вниманието, памтењето и креативноста. Со пријателите се развиваме, созреваме и учиме едни од други. Нивното друштво нè прави радосни, исполнети и среќни. Пријателство ни годи – и тоа е неизоставен дел од човечкиот живот.

## 2. КАКВА Е СИТУАЦИЈАТА ДЕНЕС КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА ПРИЈАТЕЛСТВОТО?

За жал, како и за многу други општествени прашања, и тука состојбата денес не е задоволителна — слободно можеме да кажеме дека е лоша. Денес бројот на вистински пријателства сè повеќе се намалува. Сè помалку има луѓе на кои можеме искрено да им веруваме и да им се довериме, а сè поголем е бројот на осамени луѓе. Каде лежи причината за ваквата состојба? Сметам дека постојат најмалку четири главни причини:

**Прво**, луѓето денес сè повеќе се свртени кон себе и кон своите лични интереси. Денес, за жал, доминира егоистичниот модел на живеење,кој удира директно во самиот темел на пријателството.

**Второ**, живееме во свет кој нè тера постојано да работиме. Речиси секој дел од денот го користиме за работа и заработка, со цел да ги задо-

  

волиме секојдневните потреби. Во таа „трка за заработка", другите луѓе едноставно не ги забележуваме. Другите луѓе не се вклопуваат во нашиот пренатрупан дневен распоред на обврски. А кога ќе ги завршиме сите задачи и обврски, остануваме уморни – уморни за многу нешта, па дури и за градење пријателства. За жал, сето тоа се врти во еден маѓепсан круг.

**Трето**, многу луѓе се плашат да остварат нови пријателства затоа што претходно имале негативни искуства. Биле повредени од другите и затоа со голема резерва пристапуваат кон нови односи.

**Четврто**, постојат и т.н. пријателства, кои, во суштина, не се вистински пријателства, туку пријателства од интерес. Додека постои интерес, постои и некакво „пријателство", кога интересот ќе исчезне, исчезнува и пријателството. Погодени од оваа реалност, луѓето стануваат сè порезервирани и сè помалку склони да воспоставуваат нови пријателства.

## 3. КАДЕ ЛЕЖИ СУШТИНСКИОТ ПРОБЛЕМ ЗА ВАКВАТА СИТУАЦИЈА?

Одговорот е многу јасен. Денес има сè помал број вистински пријателства затоа што во основата на секое вистинско пријателство мора да постои позитивен однос наречен **љубов**. А љубовта – она вистинската меѓу луѓето – станува сè подефицитарна и сè повеќе исчезнува. Нашите „резервоари" на љубов се трошат и празнат, и ако свесно и на-



мерно не ги надополнуваме доаѓајќи до самиот Извор, нашите резервоари на љубов ќе останат празни!

Светата Божја реч ќе каже: *„А кој не љуби, не го позна-ва Бога, зашто Бог е љубов“* (1. Јованово 4,8).

Овој текст ни кажува дека Изворот на љубовта е Оној Кој самиот е љубов. Суштината на Неговиот карактер е љубов, и од Него таа љубов извира. Кога нашите „резервоари на љубов“ се празни, тоа значи дека не сме поврзани со тој Извор!



Исто така, во Библијата постојат пророштва кои јасно ни укажуваат дека во деновите во кои живееме, љубовта ќе стане сè поретка и дека луѓето ќе живеат себично:

*„И заради многу беззаконија, љубовта ќе олади кај мнозина“* (Евангелие според Матеј 24,12).

„А ова знај го: во последните денови ќе настанат тешки времиња, зашто луѓето ќе бидат *САМОЖИВИ* (ќе живеат само за себе)...“ (Второ послание до Тимотеј 3,1).

Сведоци сме дека овој недостаток на љубов најнапред се манифестира во самите бракови, иако тие биле замислени да бидат модел на љубов и пријателство. Потоа тој „вирус“ се проширува во потесното семејство – во односот родители-деца – а потоа и во поширокото семејство: меѓу браќата и сестрите.



## 4. И ПОКРАЈ ТАКВАТА РЕАЛНОСТ, ВРЕДИ ЛИ ДА СЕ ВЛОЖУВА ВО ПРИЈАТЕЛСТВОТО?

Да, тоа навистина вреди! Пријателството е наша длабока човечка потреба. Во една прилика го прашале филозофот Мартин Вебер: *„Што повеќе сакате – книги или луѓе*? Вебер одговорил:

*„И едното и другото имаат свое место. Но, ако треба да бирам, ќе ги изберам луѓето. ништо не знаев за книгите; покрај мене беше мојата мајка, човечко суштество. А најверојатно и кога ќе*

*умрам, ќе умрам без книги, ќе ја држам раката на некое човечко суштество*“. Книгите си имаат свое место и свое значење, меѓутоа луѓето – пријателите – секогаш имаат предност.

Еврејскиот Талмуд, во само пет збора, јасно ја истакнува потребата од пријател: „ДАЈ МИ ПРИЈАТЕЛ ИЛИ СМРТ“.



## 5. ВЛИЈАНИЕТО НА ДРУШТВЕНАТА ПОДДРШКА ВРЗ ЗДРАВЈЕТО И ОФОРМУВАЊЕТО НА КАРАКТЕРОТ?

Во продолжение би сакал да споделам три истражувања кои укажуваат колку друштвената поддршка, односно да се има пријател, влијае врз здравјето на човекот. Според првото истражување, лицата кои немале друштвена поддршка или пријател и живееле сами, изолирани од другите, биле два до три пати повеќе изложени на прерана смрт во споредба со оние кои имале друштвена поддршка, односно пријател.

Второто истражување било насочено кон испитување на поврзаноста меѓу друштвената поддршка и состојбата на коронарните артерии. Резултатите покажале дека кај луѓето со поголема друштвена поддршка се забележувало помало зачепување на коронарните артерии, за разлика од оние со мала или никаква друштвена поддршка.

Во третото истражувањето било поставено прашањето: *„Дали вашата сопруга ви покажува љубов?*“ Оние кои одговориле потврдно имале двојно помалку болки во градниот кош за разлика од оние кои одговориле негативно.

Блиските пријатели ни влеваат самодоверба, особено во тешки времиња. Тие го зголемуваат нашето чувство на припадност и значајно влија-

ат врз нашите животни навики и однесување. Истражувањата направени во оваа област, на пример, ни покажуваат дека ако имаме пријател којшто се бори со вишок килограми, веројатноста и ние да ја следиме таа негова одлука е поголема од 50%. Доколку имаме пријател кој престанал да пуши, шансите и ние да се откажеме од таа лоша навика значително се зголемуваат.



Кога нашите пријатели ќе усвојат здрави навики, како што се редовно вежбање, прошетки во природа или промена во начинот на исхрана, голема е веројатноста и ние да го направиме истото. Со други зборови, луѓето кои нè опкружуваат имаат огромно влијание врз нашиот живот. На многу начини тие го обликуваат нашиот карактер и нашата иднина.

Една легенда раскажува за двајца браќа кои живееле и работеле како земјоделци. Живееле во посебни куќи и имале свои амбари. Едниот бил оженет, а другиот живеел сам. Заедно работеле и заедно го делеле приносот. Една вечер, братот кој живеел сам, си рекол: *„Не е право житото да го делиме подеднакво. Јас сум сам и полесно можам да излезам на крај со храната, а во домот на мојот брат има повеќе членови и нему му треба повеќе храна. Ќе одам и ќе му однесам една вреќа жито*“. Таа ноќ зел една вреќа жито и тивко му ја однел на братот кој имал семејство.

Од друга страна, истата таа вечер оженетиот брат си размислувал вака: *„Не е во ред да го делиме житото подеднакво. Јас имам деца кои ќе се грижат за мене, а мојот брат е сам и нема кој да се грижи за него. Ќе станам и ќе му однесам на мојот брат една вреќа жито*“. Така и направил.

Следното утро и двајцата биле зачудени кога ги пребројале своите вреќи и виделе дека нивниот број не се променил. Што се случило? Ова се повторувало повеќе ноќи. Но еден ден, братот самец малку задоцнил, а оженетиот брат малку поранил, така што се сретнале на половина пат. Тогаш разбрале што се случувалоГи спуштиле своите вреќи, се прегрнале

и слатко се насмеале. Според оваа легенда, Бог бил толку задоволен од она што го видел, што тоа место го нарекол СВЕТА ЗЕМЈА. Ова е слика на вистинско пријателство.

## 6. КАКО МОЖЕМЕ ДА ГО ДЕФИНИРАМЕ ВИСТИНСКОТО ПРИЈАТЕЛСТВО?

Една редакција објавила конкурс преку весниците и медиумите на тема: што значи вистинско пријателство. Била понудена и соодветна награда за најдобрата дефиниција. Многу луѓе испраќале свои размислувања и дефиниции, а еве дел од оние што пристигнале:

- *Пријател е човек кој се радува на нашиот успех.*
- *Пријател е човек кој го разбира нашето молчење.*
- *Пријател е човек кој го разбира твоето минато, верува во твојата иднина и те прифаќа таков каков си во сегашноста.*
- *Пријателите ја создаваат среќата, а несреќата е тест за пријателството.*
- *Лошиот пријател е како сенка, кога денот е сончев не можеш да се ослободиш од него, а кога денот е мрачен, не можеш да го најдеш.*
- *Пријател е човек на кого можеш да му кажеш сѐ.*
- *Пријател е човек кој ти ја кажува вистината во очи.*

Дефиницијата која била оценета како најсеопфатна и која ја добила главната награда гласела:

**ПРИЈАТЕЛ Е ЧОВЕК КОЈ ОСТАНУВА КОГА СИТЕ ДРУГИ СИ ЗАМИНУВААТ**

**Вистински пример од Втората Светска војна**



Кога се размислувало каде да се фрли атомската бомба од страна на Соединетите Американски Држави, се разгледувале две можности: Европа или Азија.

Советот што требал да одлучи за тоа морал да донесе едногласна одлука. Европа била отфрлена од списокот, бидејќи САД имале многу свои сојузници на тој континент. Така, изборот паднал на Азија. Потоа се поставило прашањето: во кој град да се фрли бомбата? Се размислувало за два града — Хирошима и Кјото. Првичниот предлог бил Кјото. Предлогот бил ставен на гласање и речиси бил прифатен. Сите ги кренале рацете, освен еден од присутните. Поради неговото НЕ, предлогот бил одбиен, бидејќи одлуката морала да биде едногласна. Тогаш било пристапено кон гласање за вториот предлог — Хирошима. Овој пат одлуката била донесена едногласно.

По состанокот, сите биле љубопитни зошто првиот предлог не бил прифатен. Зошто тој член од одборот не гласал за Кјото? Му било поставено директно тоа прашање. Претпоставувате ли кој одговор го дал овој советник?

*- Во Кјото имам еден многу почитуван пријател!*

## 7. ШТО КАЖУВА БИБЛИЈАТА ЗА ПРИЈАТЕЛСТВОТО?

Светото писмо, односно Библијата, на своите страници многу зборува за пријателството. Постојат бројни текстови и примери кои тоа прекрасно ни го илустрираат. Тоа е така затоа што Библијата потврдува дека пријателството е наша длабока потреба. Еве неколку текстови и еден од најдобрите примери за пријателство кое луѓето можат да го имаат.

Уште на првите страници од Библијата, кога Бог го создал Адам, додека сè уште ја немал Ева, рекол: НЕ Е ДОБРО ЧОВЕКОТ ДА БИДЕ САМ, ЌЕ МУ НАПРАВАМ ПОМОШНИК СООДВЕТЕН НЕМУ. Оваа изјава не случајно е дадена во контекст на извештајот за бракот, затоа што Божјата визија била ПРИЈАТЕЛСТВОТО највпечатливо да се прикажува меѓу двајцата брачни другари. Меѓу оние кои доброволно одлучуваат да живеат заедно доде-

ка смртта не ги раздели, најнапред човекот треба да го смета сопругот или сопругата за свој најдобар пријател, а потоа да гради пријателства и со другите.

Да! Не е добро човекот да биде сам, потребен му е пријател, затоа што човекот е друштвено суштество. Прашајте само како се чувствуваат постарите луѓе или оние што смртта им го одзела брачниот другар или некој многу близок пријател.

Еве неколку мудри совети од Светото писмо кои зборуваат за пријателството:

Една од двете најголеми заповеди во Библијата кажува: ЉУБИ ГО БЛИЖНИОТ СВОЈ КАКО СЕБЕСИ. Оваа заповед ја истакнува важноста на пријателството.

Најмудриот човек што некогаш живеел на планетата Земја, царот Соломон, во своите мудри изреки рекол: КОЈ НАШОЛ ПРИЈАТЕЛ, ТРЕБА ДА ПОСТАПУВА ПРИЈАТЕЛСКИ, ЗАТОА ШТО ИМА ПРИЈАТЕЛ ПОВЕРЕН ОД БРАТ.

*„Кој сака да има пријатели, и сам треба да биде дружељубив; зашто има пријатели поприврзани од брат“*

(Мудри изреки 18,24).

*„Му ја врати Господ на Јов загубата, кога тој се помоли за пријателите свои; и му даде Господ на Јов двојно повеќе од она што го имаше пред тоа“*

(Книгата за Јов 42,10).

*„Бидете гостољубиви еден кон друг без негодување. Бидејќи секој од вас добил дар, служете си со него еден на друг, како добри домоуправители на многукратнатата Божја благодат“*

(1 Петрово 4,9.10).

*„Со својата братска љубов сакајте се срдечно едни со други; натпреварувајте се во почитувањето еден кон друг“*

(Римјаните 12,10).

„Кој ги покрива престапите, бара љубов, а кој одново напомнува за нив, оддалечува дури и пријател“

(Мудри изреки 17,9).

„Кој одбива милост кон ближниот свој, ако тој не престанал да се бои од Севишниот Бог?“

(Книгата за Јов 6,14)

„Не се дружи со гневлив и не оди со човек жесток, за да не се навикнеш на нивните патишта и да не навлечеш стапица на душата своја“

(Мудри изреки 22,24).

Библијата јасно покажува дека пријателството е дар од Бога, врска која го збогатува животот, ја зајакнува душата и нè учи на љубов, доверба и преданост.

## ИСЦЕЛУВАЊЕТО НА ПАРАЛИЗИРАНИОТ ВО БИБЛИЈАТА - СТОРИЈА ЗА ВИСТИНСКО ПРИЈАТЕЛСТВО

(Евангелие по Марко 2,1-13)

*„По неколку дена, Тој (Исус) пак влезе во Капернаум; и се чу дека е во една куќа. Веднаш се собраа мнозина, така што и пред вратата не можеа да се сместат; а Он им зборуваше. И дојдоа при Него со еден фатен, кого го носеа четворица;*

*па, како не можеа да се приближат до Него од народот, откако го открија и го пробија покривот од куќата, каде што беше Он, ја спуштија постелката, на која лежеше фатениот. А Исус, кога ја виде верата нивна, му рече на фатениот: ‘Синко, ти се опростуваат гревовите твои!’*

*Таму седеа некои од книжниците и си помислија во срцата свои: Што хули Овој на Бога? Кој друг може да опростува гревови, освен единиот Бог?*

*Исус веднаш, штом узна со Својот дух, дека тие така мислат во себе, им рече: ‘Зошто го помислувате тоа во срцата свои? Што е полесно да му кажам на фатениот: ти се простуваат гревовите ли да речам: дигни се, земи ја постелката своја и оди? Но за да знаете дека Синот Човечки*

*има власт на земјата да ги простува гревовите' – му рече на фатениот – 'Тебе ти велам: стани, земи ја постелката своја и оди си дома!'*

*И тој стана веднаш, па, штом ја зеде својата постелка, се појави пред сите – така што сите се восхитуваа и Го славеа Бога, велејќи: 'Никогаш вакво чудо не сме виделе!'*

*И излезе Исус пак покрај морето, и сиот народ доаѓаше при Него, и Он ги поучуваше.“*

Оваа библиска сторија, сторијата за парализираниот човек и неговите пријатели кои, со неверојатна желба да му помогнат, го донеле кај Исуса својот пријател, прекрасно ни ја илустрира сликата за вистинско пријателство. Еве нејзина кратка анализа.

Замислете го само животот на овој парализиран човек. Поголемиот дел од времето го поминувал во носилка, широка 90 см и долга 180 см. Некој морал да го храни, да го носи, да го облече, да го подигне за да не добие рани од лежење, да го измие и да го бања. Тој никогаш немал своја слобода и независност, нешта што сите ние многу ги цениме.



Во неговиот случај, медицината немала што да понуди – не постоела операција што би му помогнала, нема рехабилитација, нема лекување. Во таква состојба, тој немал никаков придонес во општеството. Единствено што можел да прави е да проси положен покрај патот, повторно зависен од добрата волја на минувачите кои му пуштале по некоја паричка за да преживее уште еден ден.

Како што забележал еден автор: *„Овој свет е многу динамичен и не е баш милостиво место за оние кои не можат да трчаат со иста брзина како и останатите.“*

Единствено што му преостанувало на овој човек било да сонува! Понекогаш, можеби во своите соништа, гледал како има здраво тело, како шета и трча, како извршува добра работа, можеби е оженет и си игра со своите деца. Но секогаш кога се будел, сите негови соништа се уривале како кула од карти. Во своите соништа, овој човек бил цар, но надвор од

нив бил многу беден и, пред сè, скршен во душата параплегичар соочен со суровата и болна реалност, заробеник на своето тело. Тој сфаќал дека никогаш нема да ја има привилегијата да биде слободен.

И токму во таа целосно депресивна состојба, сепак се појавил зрак светлина. Овој човек имал ПРИЈАТЕЛИ! Четворица **вистински** и **прекрасни** пријатели!

Еден ден Исус дошол во нивниот град. Четворицата пријатели дознале за тоа и со голема желба сакале да го видат и слушаат славниот Учител. Еден од нив кажал: *Не е доволно само ние да одиме и да го слушаме овој славен учител. Ајде да го поведеме со нас и нашиот пријател. Тоа него навистина ќе го охрабри. Можеби Исус може да го исцели и него – зарем тоа не би било прекрасно?! Мораме да го одведеме кај Него.*



**ВИСТИНСКИТЕ ПРИЈАТЕЛИ НЕ МИСЛАТ САМО ЗА СЕБЕ, ТИЕ МИСЛАТ И ЗА ДРУГИТЕ. ТИЕ НЕСЕБИЧНО СЛУЖАТ ЕДНИ НА ДРУГИ.**

Тие го информирале својот пријател, дошле по него, го зеле на носилка и стигнале пред куќата каде што се наоѓал Исус. Меѓутоа, библискиот текст кажува дека *во собата каде што проповедал Исус* „се собраа множина, така што немаше веќе место пред вратата.“ Исус бил толку близу, но воедно и многу далеку, бидејќи од насобраното мноштво не можеле да му се приближат. Во тој момент биле разочарани. Длабоко разочарани. Сите нивни планови се срушиле. Но одеднаш, на еден од нив, можеби најмладиот, му дошла една, на прв поглед „луда“, но всушност оригинална идеја: *Пријатели, а што мислите да направиме дупка на кровот и преку неа да го спуштиме пријателот во собата*? Сите замолкнале. Водачот на групата од четворица прашал: Има ли уште некој друг предлог? Сите немо се гледале. По кратко двоумење и без подобра идеја, предлогот на најмладиот меѓу нив бил прифатен.



Додека Исус проповедал во собата, се слушнал необичен звук и врева од кровот. Кал од малтер на првиот век, прашина и делови на трска почнале да паѓаат од таванот. Отворот станувал сè поголем. Исус престанал да зборува, а сите погледот го свртеле кон таванот. Четири пара раце упорно копале.

Замислете само куќата да е ваша. Најнапред сте дале дозвола да бидете домаќин на овој состанок а потоа одеднаш некој ви воведува „природна небесна светлина", ви го руши кровот! Како би реагирале?

Библискиот извештај се фокусира на четворицата пријатели. Тие за својот неподвижен пријател биле спремни да направат сè што било во нивна моќ — па дури и ако треба, „да го срушат кровот". Најверојатно овие четворица пријатели се прашувале како Исус ќе реагира на овој нивен гест? Исус го подигнал погледот нагоре и ги видел лицата на четворицата пријатели. Нивните погледи се сретнале. Немало запис дека нешто му кажале на Исус, но нивните очи јасно зборувале: *„Исусе биди милостив кон нашиот пријател!*

Ете, тоа го прават вистинските пријатели. Тие не бараат ништо за себе.

Библискиот текст вели: *„Исус, гледајќи ја НИВНАТА вера ..."* Сториите за исцелувањата што ги наоѓаме на страниците на Новиот завет најчесто зборуваат за тоа дека Исус ја гледа верата на самиот болен човек, на оној кој бара помош. Но, во овој случај, верата што го трогнала Исуса не била верата на самиот парализиран, туку верата на неговите пријатели. Имаме

ли претстава што верата на еден човек може да направи за неговите пријатели?

Што поточно Исус видел во **нивната вера**?

Исус видел дел од она што Бог сакал да го види кога ги создал човечките суштества. Видел мал остров на радост среде „морето на скршеност“. Видел луѓе што сакаат, мислат и се грижат за другите без трошка личен интерес. Таков треба да биде човечкиот род во својата најдобра верзија!



Исус ја видел нивната вера и му рекол на болниот: *„Синко, ти се простуваат гревовите твои!... Стани, земи ја постелката своја и оди си дома.“ (Марко 2,5.11)*

Тогаш во самата просторија настанала целосна тишина. Сите гледале што ќе се случи. Парализираниот човек станал. Се подигнал од носилката на која го поминал најголемиот дел од својот живот. Неговиот свет, кој дотогаш изнесувал само 90 × 180 сантиметри, одеднаш се проширил на целиот простор што неговите нозе сега можеле да го носат. Не било исцелено само неговото тело. Биле исцелени и неговото срце и неговата душа, а секој негов грев бил простен и заборавен. Физички, умствено и духовно, во тој момент тој бил најздравиот човек во таа соба.

## 8. ИСУС – ПРИЈАТЕЛ ЗА СИТЕ ВРЕМИЊА!

*„Ова е Моја заповед: да се љубите еден со друг, како што ве возљубив Јас. Никој нема поголема љубов од оваа:* ***да ја положи душата своја за своите пријатели.“***

*„Веќе не ве нарекувам слуги, зашто слугата не знае што работи господарот;* ***туку ве нареков пријатели, бидејќи ви кажав сè што сум чул од Мојот Отец“*** (Евангелие според Јован 15,13-15).

*„Дојде Синот Човечки, Кој јаде и пие, а вие велите: ‚Еве човек ненаситлив и пијаница,* ***пријател*** *на цариниците и* ***грешниците****!“* (Евангелие според Лука 7,34)

Најголемиот пример за ПРИЈАТЕЛ што некогаш постоел на оваа земја, а кој е запишан на страниците на Светото писмо, е поврзан со личноста на



Исуса Христа. Библијата сведочи дека поголем ПРИЈАТЕЛ од Него не постои. На страниците на Светото писмо Исус е опишан со многу имиња. Авторот Џон Браун, во својата книга *„Слики за Христа“*, наведува дури **365 имиња** со кои Исус сеословува во Библијата – по едно за секој ден во годината! Во зависност од тоа каква улога и каква активност извршува за човечкиот род, со такво име Исус е именуван. Едно од тие 365 имиња е и името **ПРИЈАТЕЛ НА ГРЕШНИЦИТЕ**. Замислете! А знаете ли зошто е наречен така во Библијата? Затоа што се дружел со најпрезрените луѓе, најзапоставените, со сиромашните, со обесправените – со оние коишто биле на дното на општеството. Верската елита од тоа време не можела да го прифати таквиот Негов однос кон луѓето. Токму тоа било една од главните причини зошто не Го прифатила како ветениот Месија испратен од Бога. Поради тоа верската елита го нарекла **ПРИЈАТЕЛ НА ГРЕШНИЦИТЕ,** со намера да Го понижи и дискредитира. Но Исус не се побунил против тоа име. Напротив, Тој го прифатил со задоволство. Тоаословување не Му пречело. Кога Го прашале зошто се дружи со таква категорија луѓе, Исус одговорил: *„На кого му треба лекар, на болниот или на здравиот?“* (Евангелие според Матеј 9,12). Исус сакал да ѝ помогне на оваа отфрлена и занемарена категорија на луѓе и затоа сакал да биде Пријател со нив. Она што верската елита го користела како навреда, Исус го прифатил како чест и како сведоштво за Неговата мисија.

Во суштина, Светото писмо вели: *„сите згрешија и лишени се од славата Божја“* (Послание до Римјаните 3,23). Сите ние сме грешници – само што некои се свесни за тоа, а некои не; некои тоа го признаваат, а некои не. Барем еднаш во животот сме згрешиле. Еднаш?! Ако сме само искрени спрема себе, колку ли пати само сме згрешиле? Но Исус нè прифаќа такви какви што сме – *„Дојдете кај мене сите што сте уморни и натоварени Јас ќе ве успокојам; Земете го Мојот јарем на себе и поучете се од Мене, бидејќи сум кроток и смирен по срце, и ќе најдете мир за душите ваши; Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно.“* (Евангелие според Матеј 11,28-30)

Ете таков е Исус, готов да прифати и помогне на секого, буквално на секого. Со право е наречен **Пријател на грешниците**. Тој дошол на оваа земја токму за да ни биде пријател. Со својата мисија сакал да го спаси човекот од гревот, кој како жив песок секој ден го јаде човештвото. За да ја исполни својата служба, Исус се дружел со сите луѓе – без оглед на нивната национална припадност, раса, боја на кожа, верско уверување или положба во општеството.

Еден теолог ќе каже: *„Станувајќи пријател на луѓето, Исус сакал да им донесе надеж, да им прости, и воедно да го разбуди нивното чувство на вредност“.*

Чудна е и несфатлива таа љубов што Исус ја покажал и ја покажува кон нас, неговите пријатели!

Една легенда раскажува за една чудесна љубов:

Некој кнез, неговата жена и нивните два сина ги заробил еден непријателски цар. Царот наредил да се доведе заробениот кнез пред него, а потоа го прашал:

„Што ми нудиш ако го ослободам твојот постар син?“

„Половина од сето она што го имам“, одговорил кнезот.

„А што ќе ми дадеш ако го ослободам твојот помлад син?“

„Другата половина“, одговорил кнезот.

„Целото мое богатство ќе ти го дадам на тебе ако ги ослободиш и двајцата мои синови!“

„А што ќе ми понудиш ако ја ослободам твојата жена, твојата кнегиња?“

„Ако го направиш тоа“, одговорил кнезот, „тогаш ќе ти служам цел живот!“

Овој одговор толку го погодил царот што решил да ги пушти сите на слобода.

Кога се враќале дома, кнезот ја прашал својата сопруга: „Дали го виде лицето на царот кога те ослободи?

„Не“, одговорила кнегињата.



„Дали го виде неговиот прекрасен двор?“. „Не“, рекла таа.

„Дали го виде сјајот на царевиот престол.“ „Не. Единствено нешто што моите очи го видоа, беше лицето на оној што беше спремен да го жртвува својот живот за мене. А тоа беше ти, мојот најдобар пријател“.

Во една своја проповед Исус отишол еден чекор понатаму кога рекол: *„Љубете ги вашите непријатели“*. Религијата што ја проповедал Христос, а подоцна ја продолжиле неговите ученици, е религијата на љубов. Но тоа не значи само покажување љубов кон своите пријатели, туку покажување љубов и кон своите непријатели:

*„А Јас, пак, ви велам: љубете ги непријателите свои, благословувајте ги оние што ве колнат, правете им добро на оние што ве мразат и молете се за оние што ве навредуваат и гонат, за да бидете синови на вашиот Отец небесен; зашто Он го остава своето сонце да грее над лошите и над добрите, и праќа дожд на праведните и на грешните. Оти ако ги љубите оние што ве милуваат вас, каква ќе ви биде наградата? Зар не го прават тоа и митниците? И, ако ги поздравувате само браќата свои, што особено правите? Не постапуваат ли така и незнабошците? Но бидете совршени, како што е совршен вашиот Отец небесен.“*







Видете, Исус не само што ова го проповедал, туку и самиот живеел според истото! Потврда за ова се најмалку два примера од неговиот живот. Во првиот пример, еден од неговите дванаесет ученици, апостол Јуда, свесно и намерно го предал Исуса на верските водачи. Еве го библискиот извештај:

*„’Станете да одиме! Ете, наближи оној што Ме предава.’ Додека Он уште говореше, ете, Јуда, еден од дванаесетте, дојде, и со него многу луѓе со ножеви и колови, испратени од страна на првосвештениците и старешините народни. А оној, што Го предаваше, им беше дал знак, велејќи: ‘Кого што ќе Го целивам, Он е, фатете Го!’ И веднаш се приближи до Исуса и Му рече: ‘Радуј се, Рави!’ И Го целива. А Исус му рече: ‘**Пријателе**, зошто си дошол?’ Тогаш пристапија, положија раце на Исуса и Го фатија“* (Евангелие според Матеј 26,46-50).

Исус имал предавник меѓу Своите редови! Но Тој знаел за тоа од самиот почеток. Дури постои пророштво во Стариот завет, во Псалмите напишано илјада години, пред овој настан да се случи:

*„Да ме беше навредил непријателот мој, тоа би го поднел, и завидливецот мој да се беше покажал силен, јас ќе се сокриев; но тоа беше ти, човеку, кој си како јас, водач мој и пријател мој, со кого сме јале леб заедно и сме оделе заедно во Божји дом!“* (Псалм 55,12-14)

Исус сето ова однапред го претскажал – Тој го знаел. Но тоа не е сè. Замислете: на почетокот на Неговата служба, Јуда сам доаѓа кај Исуса и Му нуди да биде еден од дванаесеттемина апостоли. Сите претходни единаесет, Исус ги повикал. Јуда не бил повикал, но Исус го примил. И, замислете, Тој веќе знаел дека Јуда ќе го предаде! Каков квалитет на карактерот поседувал Исус! <u>Исус немал непријатели; другите луѓе во него гледале непријател</u>! Исус го примил и Јуда во своите редови и работел на неговиот карактер цели три ипол години обидувајќи се да го промени, но Јуда не дозволил.

По три ипол години заедништво со Исуса, Јуда одлучил да го предаде и тоа го направил. Но, забележете како Исус му се обратил на Јуда во тие доцни часови во Гетсиманската градина: „ПРИЈАТЕЛЕ!, зошто си дошол?“ Исус во својот предавник не видел непријател, туку заведено човечко суштество, кое гоословил со зборот ПРИЈАТЕЛЕ!

Вториот пример е поврзан со Христовото распнување на Голготскиот крст. Шест часа Исус висел меѓу небото и земјата, закован на крст. Измачуван, понижуван, малтретиран. И покрај тоа што *„не направи грев, ниту, пак, во устата Негова се најде измама“* (1. Петрово 2,22), Тој бил осуден како најголем злосторник.

Еве го библискиот запис за тоа како Исус постапил спрема оние што се однесувале кон Него така ѕверски и нечовечки: *„Оче, прости им, зашто не знаат што прават!“* (Евангелие според Лука 23,34) Исус постапил пријателски. Тој не дозволил околностите да влијаат врз неговата совршена и пожртвувана љубов кон нас, луѓето. Ете, тоа е причината зошто Исус е вистински пријател – **ПРИЈАТЕЛ** *за сите времиња!*

Текст: **м-р Дехран Хајдар** | Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“**, 1001 Скопје | За издавачот: **м-р Михајло Гурев**




Посетете ја нашата **ОНЛАЈН КНИЖАРНИЦА**

**www.znacinavremeto.mk**

или едноставно со вашиот мобилен телефон скенирајте го овој код